РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр. 02-1403/7
1.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68, став 1, точка 8 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 464/19) и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/18), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, го разгледа Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1229 од 01.01.2021 година и по предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот, бр. 02-1403/6 од 21.01.2021 година, врз основа на конкурсот објавен во весникот „Слободен печат" и „Коха" на 29.09.2020 година, на седницата одржана со средства за електронска комуникација, на 29.01.2021 год., ја донесе следната

# ОДЛУКА

за избор на еден наставник по група предмети од наставно-научните области: *материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и средниот исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија,* на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје

1. Д-р Виктор Трајановски, се избира за наставник по група предмети од наставно-научните области: *материјална култура, духовна култура, социјална култура, етнологија на Европа и средниот исток, етнологија на Македонија, историја на етнологијата, економска антропологија, културна антропологија, социјална антропологија и применета антропологија,* на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот, во звање **доцент**.
2. Составен дел на оваа одлука е Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1229 од 01.01.2021 год.
3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Наставно-научниот совет, постапувајќи по предлогот од Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот, бр. 02-1403/6 од 21.01.2021 год., согласно Извештајот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1229 од 01.01.2021 год., на седницата одржана со средства за електронска комуникација, на 29.01.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

в.д. ДЕКАН

Проф. д-р Валентин Мирчески

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот наставник;
- Институтот;
- Персоналното досие;
- Благајната и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.